Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Триесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 16 ноември 2024 година

Скопје, ноември 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 ноември 2024 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија, што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 11:00 часот.

На седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димириеска Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Хасим Муртезани.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини и Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство.

На седницата учествуваше и Марија Митева портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација во врска со Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини на Република Северна Македонија и Министерството за економија на Република Косово во полето на енергетиката, со усогласен текст на Меморандум

2. Информација за склучување на Протокол помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за спроведување на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за заеднички гранични премини „Блаце - Елез Хан“ и „Јажинце -Глобочица“

3. Информација за Меморандум за разбирање и соработка меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Министерството за образование, наука, технологија и иновации на Република Косово

4. Прашања и предлози

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини на Република Северна Македонија и Министерството за економија на Република Косово во полето на енергетиката, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на  Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини на Република

Северна Македонија и Министерството за економија на Република Косово во полето на енергетиката.

2. Се овластува м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини на Република Северна Македонија и Министерството за економија на Република Косово во полето на енергетиката.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, доколку има одредени фискални импликации да бидат во рамки на буџетот на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

## Точка 2

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Протокол помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за спроведување на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за заеднички гранични премини „Блаце - Елез Хан“ и „Јажинце - Глобочица“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Протоколот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за спроведување на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за заеднички гранични премини „Блаце - Елез Хан“ и „Јажинце-Глобочица“.

2. Се определува Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Протоколот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за спроведување на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за заеднички гранични премини „Блаце - Елез Хан“ и „Јажинце-Глобочица“.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, доколку има одредени фискални импликации да бидат во рамки на буџетот на Министерството за внатрешни работи.

## Точка 3

Владата ја разгледа Информацијата за Меморандум за разбирање и соработка меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Министерството за образование, наука, технологија и иновации на Република Косово, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање и соработка меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и

Министерството за образование, наука, технологија и иновации на Република Косово.

2. Се овластува проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, да го потпише Меморандумот за разбирање и соработка меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Министерството за образование, наука, технологија и иновации на Република Косово.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, доколку има одредени фискални импликации да бидат во рамки на буџетот на Министерството за образование и наука.

## Точка 4

По однос на оваа точка од Дневниот ред немаше прашања ниту предлози.

*

*　　*

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 11:10 часот.

**Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Игор Јанушев**

**Заменик на претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**